**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ”**
**Македонски Брод**

Ул:Партизанска бр33 6530 Македонски Брод
тел/фах 075 389 192
www.oouklimentohridski.edu.mk
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-svklimentohridski-makedonskibrod@schools.mk.


Република Северна Македонија
Основно општинско училиште
„Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
Бр. 01-117/1
10.03. 2025 год.
МАКЕДОНСКИ БРОД

# П Р О Г Р А М А

За реализација на еднодневна екскурзија

со учениците од III (трето) одделение




март, 2025 г. Раководител на екскурзијата Директор

Мак.Брод Елена Новеска Тони Ставрески

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ од Македонски Брод бр.01-551/5 од 15.08.2024 година за учебната 2024/25 година е изготвена:

# П Р О Г Р А М А

за изведување на еднодневна екскурзија со учениците од III (трето) одделение од

ООУ „Св. Климент Охридски “ од Македонски Брод

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Цел на екскурзијата:**

- да се развие и другарството меѓу учениците;
- проширување на знаења преку нови искуства и предизвици;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите;
- правилен однос кон природата и општествената средина;
- Преку посета на природните убавини, да се создаде и поттикне љубов кон сопствената татковина, зачувување на сѐ она што е убаво и што е дадено од природата, внимавајќи при тоа и на еколошкиот аспект;
- Да ги прошират совите историски познавања преку посета на културно-историските споменици што гравитираат во овој дел;
- да се развие љубов и патриотско чуство кон својата татковина;
- со посетата на работните колективи да се создадат позитивни навики кон работата и љубов кон истата;
- учениците да ја воочат потребата од постојана работа и постојано создавање на добри дела;

**ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**:

- Потикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во оделни краеви
- Градење на чувство за патриотизам.толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Потикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување

и грижа за себе

- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Наставно-научната екскурзија ќе се реализира во еден ден во месец МАЈ 2025 год.

**ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Одговорни за реализирање на екскурзијата се одделенските раководители во паралелките во трето одделение:

*Елена Новеска - претседател на тимот, класен раководител на III – 1одд.*

*Драгана Златеска - класен раководител на III – 2 одд.*

*Александар Станкоски – класен раководител на III - 3 одд.*

**ЛОКАЦИИ НА ПОСЕТА И ПРАВЦИ**

Македонски Брод - Струга – Охрид – Македонски Брод.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

**Времетраење на екскурзијата:**

Наставно – научната екскурзија ќе се реализира во еден ден во месец **мај 2025 г.** Наставно – научната екскурзија ќе биде реализирана со учениците од трето одделение.

**Локации за посета и правци на патување:**

Македонски Брод – Струга (Природно научниот музеј) – Охрид (Антички театар, Црква „Св. Јован Богослов“ - Канео)

**Содржини и активности**

- 08:00 часот, тргнување од Македонски Брод
- 09.30 часот поручек на Пресека
- 10:00 часот, пристигнување во Струга
- посета на **НУ Музеј „д-р Никола Незлобински“**

Музејот е еден од најстарите во југоисточна Европа. Препознатлив е по својата природно-научна поставка која е единствена по својата содржина. Музејот е создаден пред речиси еден век со многу љубов и посветеност.

Музејот е уникатен презентер на природното и културно наследство за регионот на Охридското Езеро – светско наследство од листата на УНЕСКО.













-кратка прошетка по кејот на реката Црн Дрим и блиска плажа на Охридското езеро

- 11:30 часот, поаѓање за Охрид
- 12:00 часот, пристигнување во Охрид
- кратка прошетка по кејот на Охридското езеро и шеталиштето во центарот на градот
- 13:30 ручек
- 14:00 часот, прошетка низ Охрид и посета на: Антички театар, Црква „Св. Јован Богослов“ - Канео, Црква „Св. Софија“

Античкиот театар е лоциран во подножјето на источната косина на повисокиот охридски рид, под Самоиловата крепост, во непосредна близина на еден од главните влезови во утврдениот град-Горна Порта, од каде што се доловува незаборавна глетка на Охридското Езеро и на планините што го опкружуваат.



Црквата „Свети Јован Богослов“ - Канео со својата архитектура и местоположба претставува симбол на градот Охрид.

Црквата е посветена на Свети Јован Богослов кој е автор на Евангелието по Јован а бил еден од дванаесеттемината Христови апостоли. Освен по светецот, името го добила и според старата рибарска населба Канео, во чија близина се наоѓа.





Богатата историска и црковна традиција која постои на територијата на градот Охрид е нешто со кое учениците ќе се запознаат во текот на оваа наставно - научна екскурзија.
- 17:00 часот, поаѓање за Македонски Брод

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Екскурзијата ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани според прописите во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да имаат успешно завршено најмалку 3 ученички екскурзии и други слободни ученички активности во последните 3 години
- да ги исполнуваат условите за превоз на група ученици согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.
- Автобусот да биде климатизиран
- Да има обезбедено лекар

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите /старателите на учениците.

**АНАЛИЗА НА НАСТАВНО – НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА**

По изведувањето на наставно- научната екскурзија да се изврши анализа и да се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

Март, 2025 година

Македонски Брод

**ИЗРАБОТИЛ:**

Елена Новеска